# ИНФОРМАТОР бр.6 декември 2001/јануари 2002

**Прваа детска амбасада во светот - Меѓаши (ПДАСМ)**
**Република Македонија 1992 - 2002**

Ул. Коста Новаковиќ 22а, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефон: (389-2)465-316
Факс/телефон: (389-2)463-900
e-mail: embassy@megjashi.org.mk
веб страна: www.childrensembassy.org.mk

**Во овој број:**

1. Новогодишна и Божиќна прослава во нашето прифатилиште
2. Обука за развивање на проекти организирана од МЦМС
3. Обука на НВОи за детските права во Република Македонија.
4. Итна акција: Насилство над деца во училиште
5. Ратификација на ИЛО конвенцијата 182 во Македонија
6. НВО и бизнис секторот работат заедно за доброто на заедницата
7. Комплетирање на проектот за детските права со ромските НВОи
8. Претставување на НВО партнер: ВСО

Се надеваме дека сите вие започнавте прекрасна и продуктивна Нова година. И Првата детска амбасада исто така беше зафатена со голем број на активности од кои произлегоа добри резултати.
Ве молиеме посетете ја нашата нова веб страна :
www.childrensembassy.org.mk

**1. Новогодишна и Божиќна прослава во нашето прифатилиште**
Во декември и јануари, имавме многубројни прослави заедно со раселените семејства кои престојуваат во нашето прифатилиште. Добивме прекрасни донации како и новогодишни пакетчиња за децата. Децата беа многу среќни. Би сакале да ја искористиме оваа можност да им се заблагодариме на нашите великодушни донатори. Во текот на прославите децата создадоа свои сопствени игри и танцови и не почестија со нивната креативност. Им посакуваме Среќна Нова година исполнета со мир, радост и среќно и безбедно враќање во домовите на сите раселени семејства и бегалци во Република Македонија.

**2. Обука во развивање на проекти организирана од МЦМС**
Во декември, како дел од програмата на МЦМС да се помогне во јакнењето на капацитетот на НВОи во Македонија, двајца од нивниот персонал, г-а Лилјана Алчева и г-дин Фатмир Битичи понудија професионална обука за развивање на проекти за 18 волонтери од Меѓаши. Нашите волонтери искрено ја ценат оваа можност и се надеваат дека ќе ги користат стекнатите знаења во нивната понатамошна работа. Благодарност до Македонскиот центар за маѓународна соработка-МЦМС и нивниот персонал за подршката.

**3. Обука на НВОи за детските права во Македонија**
Во средината на јануари ние ја комплетиравме последната фаза од проектот наречен "Јакнење на НВОи за правата на децата во Македонија", финансиран од ИТЗ. 22 волонтери и персонал, претавници на 16 НВОи, членови на неодамна формираната Унија за правата на децата во Република Македонија учествуваа на обуката за детските права. Обуката траеше 3 дена и од страна на учесниците, обучувачите и организаторите беше оценета како многу продуктивна и информативна. Наши обучувачи на сесијата беа г-ѓа Гордана Флакер, Директор на Југоисточната асоцијација за детски права (СЕЕЦРАН) со седиште во Словенија, г-ѓа Гордана Пирковска Змијанац, Генерален секретар на Меѓаши и г-ѓа Невенка Крушаревска, Омбудсман за детски права во Македонија, како гостувач. Голема благодарност до нашиот финансиер ИТЗ, до нашите обучувачи и гости за обуката.

**4. Итна акција: Насилство над деца во училиште**
Пред два дена, се случи многу тажен настан, акт на прекршок на конвенцијата на Обединетите нации за правата на децата која што во нашата земја е ратификувана. Одреден број на средношколци во градот Неготино одбраа мирно да протестираат против неодамнешното и необјаснатото отпуштање на некои професори од страна на директорот на средното училиште. Како реакција на нивниот протест директорот го повикал обезбедувањето кое подоцна физички ги нападнале учениците. Беа повредени неколку седумнаесетгодишни деца а 4 од нив завршиа во болница.

Заедно со друга НВО ги повикавме новинарите за правата на жените и децата и заштите на животната средина во Македонија. Реагиравме веднаш со многубројни јавни барања. Веруваме дека повикувањето на обезбедувањето во средното училиште беше непотребно и оваа акција го загрозува чувството на безбедност во едукациските институции во Македонија. Актот ги побива демократските права на учениците да демонстрираат мирно. Ова е кршење на Конвенцијата на Обединетите нации за детските права која ги обврзува властите да превземат соодветните мерки за заштита на децата од сите видови на физичко и ментално злоупотребување, повреди и искористување.

Од тука, горе наведените организации формираа нов комитет за бранење на следните акции:

- Да се апелира за итна акција од страна на Омбудсманот за правата на децата во Македонија, Министерот за образование и некои други институции да спроведат Правда за повредените ученици со казнување на одговорните личности за ова насилство против децата.
- Апел до власта, до одговорните во училиштата и образовниот систем за да бидеме сигурни дека политиката и образованието се одделени сегменти.

- Апел до владата, да ја спроведе во дело Конвенцијата на Обединетите нации за детски права во Македонија и да спречи вакво непотребно искористување.

Во нашето понатамошно издание ќе ве известиме за резултатите од овие апелирања.

**5. Ратификација на ИЛО конвенцијата 182 во Македонија**

Со големо воодушевување објавуваме дека ИЛО конвенцијата 182 заа најлошите форми на искористување на детскиот труд конечно е ратификувана од нашиот Парламент на 23 јануари 2002. Меѓаши и други организации за детските права лобираа многу години за оваа ратификација. Веруваме дека сите јавни активности со ние раководевме во 2001 финансирани ИПЕЦ одиграа важна улога во донесување на оваа позитивна промена. Сите силни охрабрувања и подршки од други интернационални фондации и асоцијации како што се, Глобалниот марш против детското насилство, Христијанската помош, НОВИБ и некои други кои беа многу критични за нашата работа. Нашиот следен чекор е како да лобираме за импементација на овие и други Конвенции за правата на децата во Македонија.

**6. НВО и бизнис секторот работат заедно за доброто на заедницата**

Бевме презадоволни што успеавме да собереме над 50 преставници од бизнис секторот, НВОи, донаторите и владата на нашата конференција која беше одржана во декември 2001.
Конференцијата започна со воведното излагање на нашиот амбасадор Коле Ангеловски и Британскиот амбасадор г-н Џорџ Едгар. Тие објаснија дека важноста на силното цивилно општество во Македонија е причината зошто Британската амбасада го поддржа овој проект како финансиер.
Извршниот директор на Меѓаши, г-н Драги Змијанац ја образложи целта на овој проект а тоа е лобирањето за позитивни фискални промени во Македонија за да се подобри можноста за конкретно партнерство помеѓу бизнис секторот и НВОи.
Нашиот главен оратор г-н Гиб Булок прикажа кратка историја на партнерството помеѓу секторите и меѓусебната бенефиција. Владата треба да развие позитивни стратегии за соработка. Тој претстави неколку примери од Англија.
Г-н Ѓорѓи Гичев, претседател на Артисофт ја сподели својата перспектива претставувајќи го бизнис сектор во Македонија. Тој ја истакна важноста на двата сектора, со конкретни мерила за изградба на позитивен доверблив и продуктивен мост за бенефициите на заедниците во Македонија.
Г-ѓа Мелма Мехмети претставувајќи ја партнерската НВО, ЕСЕ ги истакна придонесите и позитивните резултати на НВО секторот. Таа презентираше некоку примери од извештајот на оваа тема, создаден од г-н Лазар Недановски од Македонскиот центар за меѓународна кооперација - МЦМС.

Проф. Др. Весна Пендовска и проф. др. Наташа Габер го презентаа проектот од правен аспект. Тие ја искажаа потребата за промена на фискалната законодавност, со цел да се допушти одземањето на данокот од донациите за непрофитни организации и организации од јавен интерес, бизниси и индивидуалци. Тие дојдоа до овој заклучок со проучевање на законодаството во Македонија и од нивните истражувања и примери од други земји. Тие исто така ја истакнаа важноста од дефинирање на поимот организации од јавен интерес.
Г-ѓа Кристина Колозова од ИТЗ ја водеше отворената дискусија. Во текот на овој дел од сесијата повеќето од учесниците имаа прашања и предлози и се одредија идните стратегии за лобирање. Сите учесници на конференцијата неодмана добија целосен извештај и копии на текстови од различни презентации.
Оваа зима со поддршка на нашиот набљудувачки комитет ние ќе започнеме со другите лобирачки активности.

**7. Комплетирање на проектот за детските права со ромските НВОи**

Од 26 до 29 јаунуари 2002, одржавме обука за детските права за нашите партнерски организации во ромската заедница. 23 претставници од 8 организации активно учествуваа во оваа обука и добија сертификати. Обуката беше последната фаза од пет-месечниот проект финансиран од АРЦ. Повеќето резултати од овој проект вклучуваа претставувања на методот на работа со фокус групите. Преку овие фокус групи, членови од ромската заеница (над 50 учесници) дадоа поддршка за најсоодевтното средство и стратегија за едукација на детските права во заедницата.
Брошурата наречена: "Сите за еднакви права" на ромски и македонски јазик беше широко дистрибуирана. Идентификувани беа препораките за идните стратегии.
Копија од брошурата и резултатите од проектот се наоѓаат нашата веб страна (македонска верзија): www.childrensembassy.org.mk.
Посебна благодарност и честитки до нашите НВОи партнери за нивната поддршка и учество: PHURT - Делчево, Месечина во Гостивар, Лулиди, ROZPR во Скопје и Центарот за Деца и Млади во Прилеп, нашите обучувачи, г-ца Билјана Пејоска и г-н Илија Бундалески (подоцна и координатор на проектот) и финансиерот ARC.

**8. Претставување на НВО партнер: ВСО**

Од април 2001, како резултат на нашето партнерство со ВСО ние добивме волонтерско НВО набљудување од Канада. ВСО е интернационална агенција за развој која работи со волонтери кои се завземаат за сиромашните и обесправените и им помагаат во остварување на нивниот потенцијал. Секоја година, 2000 професионални волонтери ги споделуваат нивните вештини и искуства со локалните партнери во над 70 земји во Африка, на Пацификот и Источна Европа.
Соработката на ВСО со Источна Европа е воспоставена во септември 1990 како одговор на специфичните молби од тој регион за

квалификувани професионалци да им помогнат во справувањето со потребите во транзициониот период. Помеѓу другото, ВСО бара можност за промоција на учеството на заедницата и НВО координацијата и соработката со државниот сектор, за нивно оспособување и подобро служење на загрозените групи.

Многу ВСО волонтери работеа во Македонија од почетокот на ВСО програмата која започна во 1994. Беа фокусирани на секторите за социјална работа, едукација за специјалните потреби и малите бизнис развивања.

Нашиот волонтерски НВО надгледувач, г-ца Маржан Монтаземи, помеѓу другите активности исто така беше и надгледувач на нашите проекти, проектот за партнерство меѓу НВО и бизнис секторот, проектот за детските права со ромските НВОи, работејќи со нашите координатори, г-н Михајло Мирчевски и г-н Илија Бундалески.

За повеќе информации околу ВСО програмата во Македонија, можете да контактирате со со г-н Киле Стојковски на тел.02/115-907 или посетете ја нивната веб страна: www.vso.org.mk

**ИНФОРМАТОР бр.7 од февруари до април 2002**

**Прва детска Амбасада во Светот - Меѓаши (ПДАСМ)**
**Република Македонија 1992 - 2002**

Ул. Коста Новаковиќ 22а, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефон: (389-2)465-316
Факс/телефон: (389-2)463-900
e-mail:first@childrensembassy.org.mk
веб страна: www.childrensembassy.org.mk

Во ова издание:

1. Промоција на детските права во Македониа - 10 години постоење на Првата детска амбасада во светот.
2. Глобалната кампања за едукација во Македонија - Април 2002.
3. Предложени амандмани на законот за оданочување
4. Донација за детските активности.

5. Мулти - етнички проекти.
6. Застапување, акции и резултати.

---

1. Промоција на детските права во Македонија - 10 години постоење на Првата детска амбасада во светот
На 29 април 2002, ПДАСМ ја прослави својата десетгодишнина. ПДАСМ е прва регистрирана НВО за детските права во Македонија во периодот на транзиција. Низ годините, Меѓаши придонесува за развивање и зајакнување на јавната свест во оваа земја. Бевме водечките во прекинувањето на тишината околу страдањето на децата посебно во областа на физичкото, сексуалното и економското искористување на деца.
Во текот на последните 10 години преку нашите застапувања, бевме успешни во развивањето нов заштитен механизам и промовирање на политиките за подобрување на детските права во Македонија. Исто така, преку работата на нашите директни сервиси и активности за децата, соработувавме за доброто на сите деца, особено децата бегалци (од Босна, а подоцна и од Косово), внатрешно раселени деца (резултат на кризата во Македонија) и социјално-економските загрозените деца.
Нашите активности ги започнавме со подршка со поддржување на децата бегалци од Босна во 1992. За нив најдовме сигурно место за живеење во и надвор од Република Македонија. Исто така го мобилизирваме јавното мислење во Македонија и странство да помогнат во оваа кауза.
Во 1993, беше воспоставена првата СОС телефонска линија и низ годините, со учество на многу волонтери-социјални работници, психолози и педагози, им помогнавме на 14,000 деца преку советување и друга потребна помош.
Од нашето постоење до денес, исто така издадовме голем број на публикации како што се информаторите, брошури и постери за промоција на детските права.
ПДАСМ е првата организација кој го привлече вниманието на јавните и здравствените власти за причината поради кои децата патат од алергии. Резултатите од лобирањето е отварање на фабриката во Скопје која произведува храна која не содржи глутен.
Издвојувавме со промоција на неколку интернационални конвенции во Македонија, како на пример, Хашката конвенција против киднапирањето на децата, Конвенцијата 182 против најлошите форми на злоупотреба на детскиот труд. Уште еден резултат од нашето лобирање е и институцијата Детски омбудсман во 1999.
Друга активност е формирањето на коалиција и унија на НВОи за правата на детето во Македонија. Спроведовме обуки за персоналот и волонтерите од други организации во областа на детските права и пронаоѓање на нови и механизми на работа на НВОи. Го издадовме и кодексот на НВОи за правата на детето.
ПДАСМ е член на неколку интернационални организации, со кои активно соработуваме како што се ДЦИ и Глобал Марш.

Во Јуни 2001, ПДАСМ прими награда од Македонскиот центар за меѓународна соработка МЦМС, за придонес во градењето на демократијата и цивилното општество во Македојнија.

2. Глобална кампања на едукација во Македонија - Април 2002.
Како член на кампањата на Глобал Марш против детското искористување, ПДАСМ учествуваше во светскиот настан, кампањата за едукација, кој оваа година беше прославен од  23 до 30 април. ПДАСМ реши да дизајнира билборд со три јазична порака (на Македонски, Албански и Ромски јазик) кој ќе биде поставен на 16 различни локации во Скопје. Нашата порака е секое дете без исклучок да има пристап до беплатно и квалитетно основно образование. Исто така промовиравме и видео спот на оваа тема кој  што го прикажавме на националните телевизиски станици.
Денеска, во Скопје, има 127 деца на улица, регистрирани од одговорните институции. Според неодамнешното барање (необјавен извештај), бројот на децата во Република Македонија, жртви на детското насилство, е околу 1500. Неколку фактори придонесуваат за овој феномен. Очигледната причина е економската ситуација и сиромаштијата но постои и друга која е поврзана со можноста на образовниот систем да вклучи и/или да ги задржи овие деца во училиштата. Најголемиот број ромски деца, претежно млади девојчиња. Бројот на деца кои не одат во училиште се покачува и кај македонскита и албанската националност.

3.Амандмани на законот за оданочување
Во февруари 2002, нашите правни експерти, Др. Весна Пендовска и Др. Наташа Габер го подготвија амандмантскиот текст на законот  за данок на добивка и персоналниот данок на доход. Овој амандман беше поднесен до Министерството за финансии на Република Македонија. Во текот на неформалниот состанок, нашиот Извршен директор имаше можност лично да ја презентира идејата. Според Истражувањата, нашите експерти дознаа дека само две земји во Источна Европа кои немаат легални мерки за данокз а донација на непрофитните и/или ргнанизации од јавен интерес, а тоа се Република Македонија и Албанија.
Нашиот предложен амандамн ја содржи можноста 1%. Оваа провизија ќе ги овозможи граѓаните да одвојат 1% од персоналниот данок за одредени непрофитни организации регистрирани во согласност со законот за асоцијации на граѓани и фондации (ЛАЦФ). Исто така ја согледавме потребата за понатамошно дефинирање на законот мислејќи на организации од јавен интерес (ПБО). Ова е многу важно поради тоа што мораме да потврдиме дека овие донациии се алоцирани за непрофитните организации кои и служат на јавноста.
Со финансиска помош на Британската амбасада, беше спроведено печатењето на амандманскиот текст во 4 весници (3 македонски и 1 албански весник) барајќи подршка од други НВОи и бизнис секторот. Како резултат од ова добивме поддршјка од над 50 НВОи, бизнис компании и и владини тела.

Овој проект продолжува благодарејќи на придонесите од одличниот надгледувачки тим вклучувајќи НВОи, донатори, бизнис секторот и правни експерти.

4. Донација за детските активности
- Швајцарската амбасада.
- Нашиот Вице-амбасадор г-н Антонио Дилето од Неапол.
- Американската гимназија НОВА во Скопје.и
- УНИЦЕФ - Скопје.

Во текот на последните 5 месеци, примивме голем број донации кои што секако ни помогаат во нашата работа со деца. Од Швајцарската амбасада примивме над 10.000 евра вредна опрема за зголемување на капацитетот на организацијата посебно во областа на компјутерите за децата вклучени во работата на детските работилници.
Од неодамна, не посетија 2 деца и Вице-амбасадорот во Неапол Италија, г-н Антонио Дилето, кој благородно донираше подароци за раселените деца. Во текот на посетата со г-н Дилето имавме можност да разговараме за стратегиите за зајакнување на нашите постоечки дипломатски корпуси во Италија.
Седиштето на УНИЦЕФ во Скопје и Американската гимназија НОВА исто така донираа прекрасни играчки за децата.
Им благодариме на сите наши донатори за нивната постојана поддршка и великодушност.

5. Мулти етнички проекти
Ја имаме таа чест да објавиме дека развивме 2 нови предлог- проекти во партнерството со различни НВОи во Македонија. Првиот проект "Кампања за детските права" е продолжување на нашиот успешен проект со 5 ромски НВОи. Со овој проект планираме да обучиме деца-инструктори и млади активисти од различни заедници во 4 града во Македонија за управување со кампањата за детски права. Проектот вклучува и продукција на видео спот.
Вториот проект "Помирување преку мирољубива кооперација", кој што исто така е наречен "Проект-Три града", е дизајниран да поврзе 3 НВОи, 3 општини и низ нив 3 различни заедници (Македонска, Албанска и Ромска) во градењето на мирот. Трите града се Тетово, Гостивар и Скопје, трите града кои беа зафатени од неодамнешниот внатрешно етнички конфликт. Трите партнерски НВОи придонесоа за дизајнот на овој проект а тоа се ПДАСМ во Скопје, Центарот за Балканска Соработка- Лоја, во Тетово и Хуманитарната ромска асоцијација Месечина во Гостивар.
Ние го развивме концептот за овој проект со увидување на следните барања во нашите заедници:
- Повторно стекнување на доверба помеѓу двете етнички групи директно зафатени од вооружениот конфликт.
- Градеање на мирот во пошироки рамки со вклучување на други етнички групи.
- Да кажеме дека нашата различност е извор на богатство за нашата земја.

- Да ги искористиме медиумите на позитивен и конструктивен начин.
- Да развиеме нов модел за соработка со поврзување на различни учесници.

Со овој девет месечен проект ние ке ја постигнеме социјалната мобилизација. Нашата група е создадена од поголем број на родители и деца од трите града. Нивното учество ќе го води проектот како членови на набљудувачкиот комитет и ќе го набљудуваат развојот. Ќе имаме семинари за градење на мирот и активности за етнички и географско мешани групи од трите града развивајќи активности за децата и семејствата кои што ќе учествуваат.
Дијалогот помеѓу учесниците ќе биде сниман на видео и ќе биде презентиран како материјал од три епизоди на телевизиските станици. Со снимениот материјал ќе го прикажеме напредувањето на дијалогот за да може јавноста да види и слушне за овие решенија од членовите на заедницата а не од политичарите и/или новинарите.
Ја презентиравме оваа проект идеја на потенцијалната група на финансиери и добивме позитивна поддршка. Во идните изданија ќе ве информираме за работата на за овој проект.

6. Застапување, акции и резултати

6.1. Во нашето последно издание (информатор бр.6), ве информиравме за насилството врз децата во средното училиште во Неготино, каде што 17 годишни деца беа претепани од личните телохранители и личното обезбедување на директорот на училиштето. Исто така ве информираме дека протестиравме опреку писма до властите и до медиумите. Бевме придружувани на овој протест од многу други, како што беше Детскиот омбудсман и НВОи кои исто така не го одобруваат актот на употреба на сила. Задоволство ни е да кажеме дека директорот, кој беше причина за ова насилство, беше сменет.
6.2. На 31 март, нашата организација заедно со 13 члена од унијата на НВОи за детските права во Македонија како и Детскиот омбудсман го подржаа протестот на Асоцијацијата на педијатри. Тие протестираа против ново изгласаниот закон што ја вклучува одлуката да се затворат сите јавно здраствени центри кои беа раководени од педијатрите за грижа и заштите на децата. Како резултат на овој проект, асоцијацијата беше во можност да добие согласност од Министерството за здравство и да биде информирана за понатамошните промени на овој закон.

Ви благодариме за вашиот интерес за овој информатор!
Тимот на Амбасадата Меѓаши.

**ИНФОРМАТОР бр.8** Од мај до јуни - 2002

**Прва детска амбасада во светотт - Меѓаши - (ПДАСМ)**
**Република Македонија, ул. Коста Новаковиќ 22а, 1000 Скопје**
**Република Македонија**
Телефон: (389-2)465-316
Факс/телефон: (389-2)463-900
e-mail: first@childrensembassy.org.mk
веб страна: www.childrensembassy.org.mk

Во ова издание:

1. Семејствата во нашето прифатилиште
2. НВО и бизнис секторот работат заедно за доброто на заедницата
3. Резултати: Глобалната кампања за едукација во Македонија
4. Детските работилници
5. Застапување
6. Обука за детските права
7. Работилници за самофинансирање
8. Соработка со ромските НВОи
9. Учество на интернационални конференции/обуки.
10.Партнерска организација KURVE WUSTROW
11.Добредојде

## 1. Семејствата во нашето прифатилиште

На 15 јуни се наврши една година од присилно заминување на раселените семејства од нивните села и нивно згрижување во нашето прифатилиште. На 25 Јуни целиот персонал на ПДАСМ, волонтери, раселените семејства и голем број на гости го прославија првиот роденден на првото бебе на амбасадата Меѓаши - Александар кој што беше среќен за сите подароци. Тој сега е големо момче и од неодамна започна со неговите мали чекори да го открива дворот на Првата детска амбасада. Благодарност до сите оние кои што продолжија да не поддржуваат со великодушни донации (храна и други добра) како што се гимназијата НОВА, УНИЦЕФ и Црвениот крст.

## 2. НВО и бизнис секторот работат заедно за доброто на заедницата

За да се започне со националната кампања од крајот на април беше ангажиран професионален илустратор за дизајн на постерот. Кампањата ја започнавме на 8 јуни со девет билборди и 20 светлосни постери во Скопје и го надополнивме сето ова со 8000 копии на вметнувачи во еден од најтиражните весници, Дневник и 2000 обични постери. Три клучни продукти произлегоа од овој проект кои може да бидат искористени

понатаму, надевајќи се дека ќе дојдеме до нашата главна цел - промена на законот за оданочување.
Три клучни продукти од овој проект се:

1. истражување од страна на нашите правни експерти;
2. Амадманскиот текст на законот и
3. во соработка со МЦМС, извештај за придонес/импакт на НВО секторот во Македонија кој што беше создаден за нашата конференција.

Активности за подигање на јавната свест: Еден од индикаторите на нашата стратегија за подигање на јавната свест, која што беше успешна е подршката за  предложениот амандан од над 48 НВОи и неколку бизнис компании во Македонија. За жал, наспроти нашите, не бевме во можност да се состанеме со владините службени лица околу нашиот предлог. Како и да е ние ја привлековме јавносѕта и повеќе НВОи укажавме на потребата од промена. Секојдневно се зголемува бројот на оние кои не подржуваат. Досега немавме можност за промена на засегнатото законодавство, но сега заедно со нашите партнери сме посветени на оваа иницијатива и ќе продолжиме со нашите лобирачки активности и покрај временската рамка на проектот, користејќи ја секоја можност барајќи поддршка и охрабрување.

**3. Резултати: Глобална кампања за едукација во Македонија.**
Во април учествувавме во глобалната кампања за едукација. Го покренавме сознанието на заедницата низ оваа иницијатива. Дизајниравме ефективно илустративна порака (користејќи билборди) со важност за едукација која што гласеше: "Образование за сите", на три јазици: Македонски, Албански и Ромски. Овој постер беше поставен на 18 билборди околу Скопје и други соседства, цел еден месец. Ги информиравме сите медиуми во Македонија за контекстот на билбордот. Националните телевизиски станици неколку пати во денот го прикажуваа спотот на кампањата за глобалното образование. Како резултат бевме добро покриени во печатот: пет статии беа објавени во пет различни весници. Две телевизиски станици посветија по 1 час на изданието за едукацијата на децата и нејзиното значење за целата заедница. Две интервјуа во две радио станици. Ни се приклучи едно училиште со проект за работа со ромските деца чиј труд е злоупотребен и унапредување  образованието на децата  во заедницата.

**4.Детските работилници**
Во мај започнавме со детските работилници. Осум недели по ред ние организиравме секојдневно работилници за Англиски и Германски јазик, цртање и уметност и компјутери. Со задоволство ги користиме нашите 6 нови компјутери со целосната опрема кои се донација од Швајцарската амбасада во март. Работилниците беа водени од волонтери и над 50 деца од социјално загрозени и раселени семејства учествуваа во нив.

**5. Застапување**
Во последните два месеца многу луѓе дојдоа во нашата амбасада да побараат помош. Во некои случаи ние можевме веднаш да им помогнеме

со советување, снабдување со добра или телефонски повик на вистинското место. Презадоволни сме од соработката со г-ѓа Елен Глисман од Картитас-Есен Германија. Во средината на мај, организиравме акција за помош на децата и семејствата чија зграда се запали (Скопје, Ново Лисиче). Амбасадата Меѓаши побара облека и обувки од неколку продавници. Добивме пакети со алишта од “Еуроасиа” и обувки од “Кегисхоес”.

**6. Обука за детски права**
Во контекст на проектот "Децата и нивните права", финансиран од ИТЗ, од 31 мај до 2 јуни ПДАСМ организираше обука за детските права. Обуката беше за претставници од 20 НВОи од Република Македонија коишто во јануари учествуваа во обуката за детските права. Програмата беше поделена во три блока составени од интерактивни игри, индивидуални и тимски, и многубројни дискусии. Обучувачи беа Гордана Пирковска Змијанац, основач и Генерален секретар на ПДАСМ и Петар Мркев Генерален секретар на Советот за превенција од малолетничка деликвенција. Целта беше да се научат нови вештини и знаење за техниките за фацилитација на работилниците за детски права. Следниот чекор е туку што обучените фацилитатори да фацилитираат сопствени работилници за детските права во локалните заедници во Македонија.

**7. Работилници за самофинансирање**
На 16 и 17 мај бевме почестени со учеството во работилниците за корпоративно и само-финансирање организирани во соработка со ВСО. Шест члена од Детската амбасада и четири члена од проектот во Гевгелија "Повикај и ручај", поддржани од ВСО добија нови знаење од оваа област. Научивме за различни типови на грантови, како да развиеме стратегија за само-финансирање и подготвиме соодветен промотивен материјал. Голема благодарност до Ники Ли, волонтер од ВСО која дојде од Бугарија за да ја воид оваа работилница. Двајца наши волонтери сега активно се вклучени за зголемување на нашите контакти со бизнис секторот.

**8. Соработка со ромските НВОи**
Г-н Драги Змијанац основач и Извршен директор на ПДАСМ учествуваше на конгресот "Европска асоцијација за работа преку игра", организиран од ромскиот центар во Скопје. Тој ја отвори конференцијата со презентација за ситуацијата на децата и нивните права во Македонија. Група од 14 учесници на конгресот од цела Европа дојдоа да ја посетат Амбасадата и да се запознаат со нашата работа.

**9. Учество на интернационални конференции/обуки**
Ние ја гледаме нашата работа во европски контекст јасно увидувајќи ја потребата за соработка со други НВОи. Поради тоа ПДАСМ учествуваше на две интернационални збиднувања.
Од 13 до 16 јуни двајца наши члена учествуваа на интернационалната конференција "Заедница, здравје и животна безбедност", во Игало. Г-ѓа Гордана Пирковска Змијанац одржа говор за глобалните аспекти и

социјалната благосостојба во транзиција, која што се врати со многу нови идеи кпрактични  модели за работата со деца.
Г-н Драги Змијанац беше еден од тројцата македонски претставници на тренинг-акционата програма "Детските права и транснационалната социјалната работа", организирана од Швајцарската фондација за меѓународниот социјален сервис и Меѓународниот институт за детските права во Балатон, Унгарија. Посебно внимание беше дадено на меѓународното посвојување и поголемиот број од учесниците се согласија дека е подобро детето да биде во национална фостер семејство одошто да се дозволи меѓународно посвојување.

**10. Партнерска организација  Kurve Wustrow**

Kurve Wustrow е германско место за едукација  и средби за ненасилни акции.
Сместено е во малото градче Вустров во северниот дел на Германија близу до поранешната германско-германска граница.
Постои 22 години и основано е во 1980 од мировното движење и отппорот против станиците за атомска моќ.
Членовите сакаа да изнајдат одговор на насилните конфликти, еколошките уништувања и социјалната неправда.
Основната цел на организацијата е промовирање на ненасилна акција.
За да го овозможи сето ова  Kurve Wustrow,  одржува семинари и обуки за  теми како што се ненасилните акции, цивилната храброст, движење против расизмот, театарски работилници, медијација и помирување.
Тие одржуваат предавања за превенција на насилството во училиштата и младинските институции.
Исто така  работат со јавноста и објавуваат брошури на различни теми како што е актуелната политика, натписи против војната и за ненасилната акција.
Курве Њустроњ исто така испраќа Волонтери во различни земји во Европа, Индија, Шри Ланка и Палестина.
Во моментов има околу 30 волонтери во над 10 земји.
Тие соработуваат со многу национални и меѓународни  организации како Robert Boach-Stiftung,  Европската унија (програма ЕВС - европски волонтерски систем),  Pax Christi и други.
ПДАСМ и  Kurve Wustrow  контактираат многу години.
Всушност октомври 2001со нас е  г-ца Ања Клоб, социјален работник, волонтер од   Kurve Wustrow,  којашто во ПДАСМ работи на развивање на проекти. Таа стори многу асистирајќи во концептирањето на проектот за работа со уличните деца.

**11. Добредојде**

Со едно насмеано а друго насолзено око на крајот од мај се збогувавме нашиот Технички секретар Снежана Јанеска. Навистина ни недостига! Но од друга страна сме среќни што таа најде добра работа во нејзиното поле на интереси. А ние имаме нов член во нашиот тим, г-ца Славица Тасева која дава се од себе справувајќи се со константното звонење на телефоните.

До следниот пат, Ве молиме примате ги нашите најтопли поздрави, тимот на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши.

**ИНФОРМАТОР бр.9** Од Јули до Август - 2002

Прва детска амбасада во светотт - Меѓаши - (ПДАСМ)
Република Македонија, ул. Коста Новаковиќ 22а, 1000 Скопје
Република Македонија
**Телефон: (389-2)465-316, 465821, СОС за деца и млади 466 588**
Факс/телефон: (389-2)463-900
e-mail: first@childrensembassy.org.mk
веб страна: www.childrensembassy.org.mk

Во ова издание:
1.Летениот камп
2.Стратешко планирање
3.Семејствата во нашето прифатилиште
4.Учество на интернационални конференции/обуки
5.Детски работилници.
6.Застапување
7.Пријатно

## 1.Летен камп.

Од 27 јули до 14 август ПДАСМ го координираше и имплементираше проектот Летен камп. Беа вклучени 72 деца во две групи. Тие беа на возраст од 9 до 12 години од различни националности: македонска, албанска, бошњачка и ромска. Кампот беше финансиран од ИОМ - Интернационална организација за миграции - програма за градење на доверба. Беше организиран како едукативен камп со дневни работилници за детските права. Овие работилници беа предводени од обучени фацилитатори за детски права од ПДАСМ и нашите партнерски организации РУБИКОН, ХО МИР, Центарот за деца и млади од Прилеп, Здружение за правата на детето - Скопје и Феликс - Битола, кои зедоа учество во проектот "Децата и нивните права", финансиран од ИТЗ-Институт за трајни заедници. Покрај нив, 13 волонтери се грижеа за децата и одржуваа работилници за уметност, спорт и танц. Беа организирани многу акции како што се пешачење, планинарење, пикник, бинго, маскенбал, караоке шоу, ноќно пешачење и логорски

оган. Сите ние се вративме со многу добри спомени. Сите тие спомени се собрани во официјалниот кампoвски дневник кој што ние го изработивме. Оваа брошура ќе биде испечатена во наредните денови и секој учесник ќе добие примерпк.

**2.Стратешко  планирање**

Од 14 до 18 август ПДАСМ одржа работилници за стратешко планирање за наредните 5 години со финансиска поддршка од ИТЗ - Институт за трајни заедници . Зоран Стојковски, програмскиот раководител од ИТЗ, ги водеше работилниците. Меѓаши беше претставен со 13 учесници - Извршниот директор, Програм менаџерот, членови на Колегиумот и волонтери.
Ги разгледувавме минатите 10 години од нашата работа, ги анализиравме резултатите, силните страни  и слабостите на нашата организација. Имавме бури на идеи и собиравме информации за нашата визија и мисија. Сега сме во подготовка на нашиот стратешко акциски документ.

**3.Семејствата во нашето прифатилиште**

Во август го славевме првиот роденден на второто Меѓаши бебе Марија. Нејзините родители беа воодушевени што добија количка за нивното бебе, донација од "Романтик ексклузив". Исто така добивме и други донации како што се книги и тетратки од книжарницата "Клевер" и наскоро очекуваме финансиска помош за нашите бебиња во прифатилиштето.
Ви благодариме за оваа поддршка!
Семејствата сеуште живеат со нас. Но кај нив се роди нова надеж бидејќи македонската влада го започна изградувањето на бараки за секое семејства од Арачиново. Се надеваме дека тие ќе најдат подобри услови за живеење.

**4.Учество на интернационални конференции/обуки**

Од 8 до 12 јули нашиот Извршен директор и со-основач Драги Змијанац учествуваше на обуката  за Раководење со човекови ресурси во Скопје, организирана од МЦМС-Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка и од фондацијата за Менаџмент и развој од Холандија. Теми: очекувања, персонал, развивање на човечките капацитети и акциони планови.
Билјана Стојановска и Катерина Конеска беа на семинар за Градење на мирот кој се одржа во Зрењанин Југославија. Тие се здобија со искуства за мултикултурна соработка.
Гордана Змијанац, нашиот Програмски менаџер присуствуваше на обука за Тренери, организирана од центарот за Ненасилна акција од Сараево и Белград.

**5.Детски работилници**

Во текот на летото ние прекинавме со работата на детските работилници. Но сега сме подготвени да започнеме повторно со работа. Ќе организираме работилниците по Англиски, Германски и Француски јазик, компјутери, математика, екологија и уметност.

**6.Застапување**

Во текот на изминатите 15 дена ние ги искажавме нашите реакции во некои дневни весници  да се намали насилството на децата за политички цели во текот на изборните кампањи.

1. Дневник, 5 Септември 2002, "Училиштата полни со ознаките на УЧК"
2. Факти, 29 Август 2002, "Да кажеме СТОП на  детското искористување во изборните кампањи".
3. Дневник, 22 Август 2002, "Децата под влијанието на бомбата кашикара".
4. Дневник, 5 Септември 2002, "Партиите ги извадија млечните заби на плоштадите".

и една статија во ,Капитал,.

За повеќе детали проверете ги прикачените документи.

**7.Пријатно.**

На почетокот од јули моравме да кажеме пријатно на нашиот волонтер Маржан Монтаземи. Таа беше испратена како НВО набљудувач од ВСО за советување на нашата организација. Таа остана со нас повеќе од една година. Не подржуваше во различни начини на организирање и водење на НВО. Таа ни претстави нови методи на работење, ни помогна за развивање на проекти и организирање на конференции и обуки заедно со нас. Ние сме и многу благодарни за нејзината работа и и посакуваме добар почеток на нејзиното ново работно место во Сараево.

Се надеваме дека сите вие имавте добро лето и добар одмор за и стеда повторно за напорна работа!

Најдобри поздрави од тимот на Првата детска амбасада во светот Међаши.